Агенција за промоција и поддршка
на туризмот на Република Македонија
Бр. 09-117/10
13.05 2019 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА
НА ТУРИЗМОТ

Врз основа на член 2, глава б), точка 9 од Програмата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник" на Република Македонија бр.16/19) и членот 5 од Правилник за поблиски критериуми за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации бр.09-117/1 од 28.01.2019 година, Комисијата за доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации формирана со решение бр.09-177/2 од 05.02.2019 година

Објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За доделување на финансиска поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации.**

I

Предмет на Јавниот повик е доделување на финансиски средства во висина од 1.500.000,00 денари од страна на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам за поддршка на културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации, во согласност со Програмата за промоција и поддршка на туризам за 2019 година ("Службен весник" на Република Македонија бр.16/19).

II

Агенцијата за промоција и поддршка на туризам согласно програмата за 2019 година има определено средства во износ од 1.500.000,00 денари.
Подршката на манифестациите ќе се реализира преку:

- доделување на финансиска поддршка - средства во висина од 10.000,00 до 120.000,00 денари поединечно за секоја манифестација согласно овој правилник.

Максималниот износ на бараните финансиски средства не смее да биде повисок од 30% од вкупните трошоци за реализација на манифестацијата.

III

На јавниот повик право на пријавување имаат сите заинтересирани субјекти, правни и физички лица, владини и невладини организации, кои организираат културни, забавни,

спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани турстички настани.

IV

Во прилог на барањето за доделување на финансиската поддршка ( Прилог 1 од Правилникот) и потребната документација, апликантот треба да ја достави следнава документација:

1. Решение за регистрација ДРД образец (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот);

2. План и програма за користење на средствата (барање/проект);

3. Потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган;

4. Изјава.

V

Средствата наменети за поддршка на манифестации ќе бидат поделени на два дела, за нови маанифестации и за нив ќе се определат 500.000,00 денари, додека за постоечките ќе се определи остатокот од 1.000.000,00 денари.
Изборот на корисниците за поддршка на постоечките манифестации ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| **Критериум** | **бодови** |
|---|---|
| Содржина на програмата (не поголема од 5 страници) | 30 |
| Медиумска експонираност на настаност (број на печатени и ТВ медиуми) | 20 |
| Традиција на изведување на манифестацијата (од 1-3 години 5 бода, 3-5 години 10 бода, над 5 години 20 бода) | Max 20 |
| Сопствен извор на финансирање учество во реализација на манифестацијата | 20 |
| Извори на финансирање на манифестацијата од други органи на државна управа | 10 |

Изборот на корисниците за поддршка на новите манифестации ќе се изврши врз основа на евалуација на исполнување на следните критериуми со бодови:

| **Критериум** | **бодови** |
|---|---|
| Содржина на програмата (не поголема од 5 страници) | 50 |
| Медиумска експонираност на настаност (број на печатени и ТВ медиуми) | 30 |
| Извори на финансирање на манифестацијата од други органи на државна управа | 20 |

VI

Корисникот на доделената финансиска поддршка должен е да поднесе докази (фискални сметки, сметко потврди, фактури, испратници и сл) за наменско користење на средствата, во рок од 30 дена по реализација на манифестацијата.

Во случај манифестацијата да се реализирала пред објавувањето на јавниот повик за тековната година доказите за бараната финансиска поддршка, барателот е должен да ги достави со самото поднесување на барањето.

Доказите се доставуваат по пошта или директно во Архивата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, но не покасно од предвидениот рок.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот го задржува правото за следење на реализација на проектите, како и контрола на наменското трошење на средствата, како и нивен повраток доколку се утврдат било какви неправилности, согласно Правилникот бр.09-117/1 од 28.01.2019 година.

VII

Барањето за пријавување на Јавниот повик, поднесителите можат да го подигнат во Агенцијата за промоција и поддршка на туризам, ул: ГТЦ кат 2, локал 11 – Скопје, или на веб страната на Агенцијата : www.tourismmacedonia.gov.mk.

Барањата и потребната документација, апликантот треба да ги достави до 23.05.2019 година, по пошта или лично до архивата на Агенцијата за промоција и поддршка на туризам.

Овој Јавен повик важи за сите манифестации кои ќе се реализираат од 01.01.2019 до 31.12.2019 година.

Непотполните и задоцнетите барања, како и барања кои предвидуваат не реални пазарни цени (трошоци) нема да се разгледуваат.